# ОТЧЕТ ПРЕД ГРАЃАНИТЕ

## 3 години локална власт



Отчет пред граѓаните за реализираните проекти и промените за овие три години од мандатот како локална власт.
Ветивме дека ќе работиме отчетно и транспарентно пред Вас, денес тоа е реалност.











## Реконструкција и асфалтирање улици во с.Долни Балван

Општина Карбинци заедно со општествено одговорни компании вложува во подобрување на патната инфраструктура. Се работи за улици со должина од 600 метри.

Следен проект во ова населено место ќе биде канализирање на каналот „Герен" со нов плоштад и партерни содржини.





ОПШТИНА КАРБИНЦИ

# МЕСЕЧЕН ИНФОРМАТОР



ДЕКЕМВРИ, 2024

www.karbinci.gov.mk

# НОВОГОДИШНИ ПАКЕТЧИЊА ЗА ДЕЧИЊАТА

Новогодишни пакетчиња за дечињата од детската градинка Кокичиња и првооделенчињата од “ООУ Страшо Пинџур”.







Детските насмевки и радост се најдрагоцената и најубава слика на новогодишните празници, а нашата цел е да ги израдуваме дечињата и да овозможиме секое детенце да ја почувствува новогодишната магија.

# БУЏЕТ ЗА 2025 ГОДИНА

ОПШТИНА КАРБИНЦИ

Едногласно со девет гласа ЗА е Донесен историски најголемиот буџет на општина Карбинци за 2025 година.




Буџетот има развојна компонента, со фокус на капиталните инвестиции.

68.000.000 денари во капитални проекти;

Повеќе пари за спортот и спортските клубови;

Зголемен буџет за културни и спортски настани во општина Карбинци;

Десетина нови улици во 2025 год.;

Модернизирање на спортските терени во Карбинци и Радање со тартан подлога;

Изградба на каналот „Герен" во Долни Балван;

Изградба на тротоари во Карбинци и Таринци покрај регионалниот пат;

Осветлување на кејот на Козјачка река во Карбинци.



# ДОГРАДБА НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА КОКИЧИЊА

С.ТАРИНЦИ

Заедно со премиерот Христијан Мицковски и заменик министерот за Социјална политика, демографија и млади Ѓоко Велковски симболично го одбележавме ставањето на камен темелник на доградбата на детската градинка „Кокичиња" во с.Таринци.

Зголемен капацитет за дополнителни 50 места за сместување и услови по сите европски стандарди.

Вкупна инсветиција на владата со износ од 19.370.973 денари каде општина Карбинци учествува со 30% кофинансирање.



